РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| ПРИМЕНО: | 21.04.2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 2854/1 | 0 | |

ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување и дополнување на законот за пратениците, по скратена постапка.

Пратеници:

1. Антонијо Милошоски
2. Никола Мицевски
3. Бојан Стојаноски
4. Марија Петрушевска
5. Игор Здравковски

ПРЕДЛАГАЧИ: Група пратеници

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРАТЕНИЦИТЕ,
ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје, април 2026 година

ВОВЕД

I. ОЦЕНКА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за пратениците („Службен весник на Република Македонија“ број 84/2005, 52/2006, 161/2008, 51/11, 109/14 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 27/19, 51/24, 272/24 и 39/26) се уредуваат прашањата на извршувањето на функцијата пратеник, како и правата и должностите на пратениците во Собранието на Република Северна Македонија.

Со Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за пратениците се предвидува повисок критериум за лице кое може да биде избрано за пратеник. Се предвидува кандидатот за пратеник да има само државјанство на Република Северна Македонија.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Предлогот на законот се заснова врз истите начела врз кои е заснован Законот за пратениците.

III.ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Спроведувањето на овој закон, не предизвикува финансиски последици врз Буџетот на Република Северна Македонија.

IV. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИНОТ НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на овој закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија.

V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Врз основа на членот 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, имајќи во предвид дека не се работи за сложен и обемен закон, се предлага Собранието да расправа по Предлогот на закон по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРАТЕНИЦИТЕ

Член 1

Во Законот за пратениците („Службен весник на Република Македонија” број 84/2005, 161/2008, 51/11, 109/14, 140/18 и 27/19), членот 1 се менува и гласи:

„Со овој закон се уредуваат условите за избор на пратеници, прашањата на извршување на функцијата пратеник, како и правата и должностите на пратениците во Собранието на Република Македонија (во натамошен текст: Собранието).“

Член 2

Во членот 2 по ставот (2) се додаваат два нови става (3) и (4) кои гласат:

„(3) За пратеник може да биде избрано лице кое ги исполнува следниве услови:

- да е државјанин само на Република Северна Македонија,
- да наполнил 18 години живот,
- да има деловна способност,
- не е осудено со правосилна судска одлука на безусловна казна затвор над шест месеци, чие издржување се уште не е започнато и
- не се наоѓа на издржување казна затвор за сторено кривично дело.

(4) За начинот и постапката за избор на пратеници во Собранието се применуваат одредбите од Изборниот законик.“.

Член 3

Одредбата од член 2 од овој закон ќе се усогласи со Изборниот законик во рок од 30 дена по влегувањето во сила на овој закон

Член 4

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРАТЕНИЦИТЕ

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ

Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за пратениците содржи 4 члена.

Со членот 1 се врши изменување на членот 1 од постојниот закон при што се предлага со овој закон да се уредуваат условите за избор на пратеници, прашањата на извршување на функцијата пратеник, како и правата и должностите на пратениците во Собранието на Република Северна Македонија.

Со членот 2 се уредува дека за пратеник може да биде избрано лице кое ги исполнува следниве услови:

- да е државјанин само на Република Северна Македонија,
- да наполнил 18 години живот,
- да има деловна способност,
- не е осудено со правосилна судска одлука на безусловна казна затвор над шест месеци, чие издржување се уште не е започнато и
- не се наоѓа на издржување казна затвор за сторено кривично дело.

Исто така во истиот член со ставот (4) се предвидува дека начинот и постапката за избор на пратеници во Собранието ќе продолжат да се спроведуваат согласно Изборниот законик.

Членот 3 е преодна одредба која се однесува на усогласување на членот 2 од овој закон со Изборниот законик.

Членот 4 го уредува влегувањето во сила на законот.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во одредбите од овој закон се меѓусебно поврзани, истите се однесуваат на иста правна работа и како такви прават правна целина и се применливи.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените законски решенија ќе се уреди посебен услов со кој функцијата пратеник во Собранието во целост ќе биде заштитена од секакви негативни влијанија на угледот на лице кое ќе биде избрано од народот.

## ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ ЗА ПРАТЕНИЦИТЕ КОИ СЕ МЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

Член 1

Со овој закон се уредуваат прашањата на извршување на функцијата пратеник, како и правата и должностите на пратениците во Собранието на Република Македонија (во натамошен текст: Собранието).

Член 2

(1) Граѓаните на Република Македонија ги избираат пратениците во Собранието согласно со Уставот на Република Македонија (во натамошниот текст: Уставот) и закон.

(2)Пратеникот е претставник на граѓаните на Република Македонија и при извршувањето на функцијата пратеник одлучува по свое уверување.